МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 14, став 5 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОДЕТАЛНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА КАТАСТАРОТ НА ПЧЕЛНИТЕ ПАСИШТА И ПЧЕЛАРСКИОТ РЕД ЗА ИСПАША

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат подеталните критериуми за катастарот на пчелните пасишта и пчеларскиот ред за испаша.

## Член 2

(1) Катастарот го воспоставуваат и го водат јавни установи, признати организации и одобрени институции од областа на сточарството, кои ги исполнуваат условите согласно член 59 од Законот за сточарство.

(2) Поблиските критериуми кои треба да ги исполни вршителот на јавната услуга за водење на катастарот на пчелна паша се:

1. Поседување или користење на соодветен простор:

- да поседува или да има склучено договор со друга институција која располага со соодветен простор (лабораторија) за соодветно собирање, обработка и чување на податоците од фенолошките набљудувања од терен.

2. Соодветна техничка опременост и тоа:

- да поседува или да има склучено договор со друга институција која располага со соодветна опрема: два персонални компјутера, систем за глобално позиционирање (GPS), шест дигитални ваги со точност од пет грама и можност за автоматско зачувување и препраќање на податоците (GPRS) до лабораторијата на дневна база;

- да поседува специјално дизајнирано софтверско решение за собирање, обработка и чување на податоците од фенолошките набљудувања од терен;

- да поседува вкупно 12 контролни пчелни семејства за следење на дневниот внес на нектар во фенофазата на медење на соодветните медоносни растенија и

- да поседува и одржува интернет страница за објавување на информациите од следењето на дневниот внес на нектар во фенофазата на медење на соодветните медоносни растенија.

3. Соодветна кадровска екипираност:

- да има вработено најмалку два доктори на науки со потесна специјалност од областа на пчеларството и

- искуство на кадрите во реализација и координирање на национални и меѓународни програми од областа на пчеларството.

**Член 3**

(1) Со редот за испаша се утврдува начинот на користење на пчелните пасишта и тоа:

- спроведувач на редот за испаша;

- големина на пчелното пасиште;

- препорачлив број на пчелни семејства на единица површина (хектар), според видот и интензитетот на пашата;

- одредување на локации каде ќе се распоредуваат пчелните семејства кои ќе се довезуваат на паша и

- времето на донесување и на одведување на пчелните семејства на паша.

**Член 4**

Спроведувачот на редот за испаша го назначува вршителот на јавни услуги која ги исполнува условите согласно член 59 од Законот за сточарство.

Спроведувачот на редот за испаша треба да биде оспособен за работа со GPS и компјутер.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-353/3 Министер за земјоделство,

17 февруари 2011 година шумарство и
водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.